Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 72, 10 декември 2011 година

декември 2011 година
Штип

**С О Д Р Ж И Н А**

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички труд одобрени од наставно-научниот совет на единицата .......... 3

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник за научните области електронски компоненти и интегрирана електроника на Електротехничкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип .......... 4

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање вонреден професор за наставно-научната област меѓународни економски односи и меѓународна економија на Економскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип .......... 10

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звање насловен доцент за наставно-научната област претприемништво на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип .......... 12

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент за научна област бизнис менаџмент на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип .......... 18

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракопис за учебник „Методика на наставата по книжевност-литературното дело и рецепиентот” од проф. д-р Виолета Димова, вонреден професор на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип .......... 20

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Е-бизнис“ (учебник) од авторот проф. д-р Ристе Темјановски од Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип .......... 23

**РЕЦЕНЗИЈА** на книгата „Трансфузиски трансмисивни заболувања” од авторите д-р Никола Камчев и д-р Милка Камчева од Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип .......... 28

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Основи на програмирање“ од авторот д-р Владо Гичев од Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип .......... 34

**РЕЦЕНЗИЈА** на „Скрипта по предметот Трговско право“ од м-р Борка Тушевска, асистент на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип .......... 36

**РЕЦЕНЗИЈА** на „Практикум по предметот Трговско право“ од м-р Борка Тушевска, асистент на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип .......... 38

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПРЕТПРИЕМНИШТВО НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП**

Со Одлука бр. 2602-267/8 од 12.11.2011 година донесена на 65. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика, одржана на 12.11.2011 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во насловно звање за наставно-научната област п***ретприемништво*** на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Дневник” и „Лајм“ на 25.10.2011 год. и во предвидениот рок се пријавија кандидатите: Анита Хеѓкези, Марија Магдинчева – Шопова и Мимоза Серафимова.

По разгледувањето на пристигнатиот материјал, врз основа на чл. 124 и 125 од Законот за високото образование и чл. 6, 36, 37 и 38 од Правилникот за единствените критериуми и постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, Рецензентската комисија врз основа на приложената документација на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

1. **Анита Хеѓкези** е родена 1 октомври 1979 г. Дипломира во 2002 год. на Економскиот факултет - Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” - Скопје и се стекнува со звање дипломиран економист. Магистрира на МБА менаџмент во 2008 год. на Економскиот факултет – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” - Скопје и се стекнува со звање магистер по економски науки. Докторира на докторски студии по менаџмент во 2010 год. на Економскиот факултет – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” - Скопје и се стекнува со звање доктор по економски науки. Кандидатката ги исполнува општите услови наведени во објавениот Конкурс. Има претходно работно искуство во приватен сектор, а моментално е вработена во Народна банка на Република Македонија на работното место статистичар. Истовремено била вклучена и во образовниот процес како предавач по неколку предмети од областа на економијата. Од приложената документација се гледа дека кандидатката има посетувано семинари и конференции во земјава и во странство, но на теми поврзани со платните системи и системите за порамнување на хартии од вредност.

2. **Марија Магдинчева – Шопова** е родена на 28 март 1972 г. Дипломирала во 1994 год. на Економскиот факултет - Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” - Скопје и се стекнува со звање дипломиран економист. Магистрира на менаџмент во 2008 год. на Економскиот факултет – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” - Скопје и се стекнува со звање магистер по економски науки. Докторира во 2011 год. на Економскиот факултет – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” - Скопје и се стекнува со звање доктор по економски науки. Кандидатката ги исполнува општите услови наведени во објавениот Конкурс. Има работно искуство во: мешовито претпријатие за меѓународен транспорт и шпедиција, раководна позиција во Стоковната куќа „Типо-Гв” – Гевгелија, а моментално е раководител на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија – филијала Гевгелија. Кандидатката има посетувано неколку стручни обуки, била член на повеќе одбори, тела и комисии, а била и заменик-член на Комисијата за полагање стручен испит за вештак од областа на материјално-сметководственото и финансиско работење. Од приложената документација се гледа дека кандидатката не се истакнува со наставно-образовна и научноистражувачка дејност од областа на претприемништво.

**3. Мимоза Серафимова** е родена 24 јануари 1962 г. Магистрира на Универзитетот „Св. Климент Охридски" – Битола и се се стекнува со звање магистер по образовен менаџмент. Докторирала на докторски студии по менаџмент во 2011 год. на Економскиот факултет на Приватниот европски универзитет – Скопје и се стекнува со звање доктор по економски науки – МБА менаџмент. Воедно, кандидатката е докторанд на Универзитетот „Св. Климент Охридски" – Битола, каде што го работи вториот докторски труд кој е во финална фаза. Моментално работи како предавач во ВСШ Бизнис академија Смилевски – Скопје по група предмети од менаџмент. Има познавања на странски јазик и компјутерски вештини. Кандидатката ги исполнува општите услови наведени во објавениот Конкурс. Од приложената документација се гледа дека кандидатката има богато искуство во стручно-апликативна и научноистражувачка дејност. Особено се истакнува нејзиното богато работно искуство како консултант, обучувач и кообучувач во разни проекти кои разработуваат теми од менаџментот. Истовремено има авторски остварувања како рецензент на неколку учебници кои разработуваат теми од областа на менаџментот. Имајќи предвид дека оваа кандидатка се издвојува од останатите пријавени кандидати по големиот број научно-стручни трудови, Комисијата во повеќе детали прави осврт на нејзиниот придонес.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Добиените теоретски сознанија, д-р Мимоза Серафимова ги применува во научно-истражувачка дејност при што е автор/коавтор на научни и стручни трудови објавени во специјализирани списанија, а добиените резултати ги има прикажано пред меѓународната и домашната јавност на повеќе научни конференции и стручни собири одржани во земјава и во странство.

Поширокиот интерес на кандидатката е од областа на менаџментот и другите организациони науки, додека потесниот научен интерес се однесува на претприемаштвото. Истовремено, одлично го владее англискиот јазик и е компјутерски писмена што се гледа од приложената документација. Во текот на својата професионална работна кариера таа покажала завиден интерес за научната и стручната работа. Тоа јасно се гледа од материјалите доставени до Комисијата, презентирани преку список на награди, признанија, сертификати, вклученост во проекти и список на објавени трудови.

***Учество на симпозиуми, конференции, конгреси и семинари:***

- International Scientific Symposium "Education between tradition modernity", Ohrid, Macedonia, 22-24 September, 2011;
- VI International Balkan Congress for Education and Science "The modern society and education", Ohrid, Macedonia, 30-01 October, 2011;
- International conference "Giftedness and morality", Vrsac, Serbia, 01 July, 2011;
- Симпозиум „Доживотното учење – состојби и перспективи", Дом и сојуз на просветни работници на РМ, Скопје, 31 октомври, 2011;
- Симпозум „Реафирмација на воспитната функција на училиштето", Дом на просветни работници, Скопје, 17 април, 2009;
- Научен собир „"Економски менаџмент", Здружение на сметководители, финансисти и ревизори – Прилеп, 13 март, 2008.

***Научни и стручни трудови:***

- The importance of access to validation process of results of lifelong learning, Proceedings from the International Scientific Symposium "Education between tradition modernity", Ohrid, Macedonia, 22-24 September, 2011;
- Meaning of inter-institutional communication for quality of education system, Proceedings from VI International Balkan Congress for Education and Science "The modern society and education", Ohrid, Macedonia, 30-01 October, 2011;
- Intellectual and moral complexity of integration of entrepreneurship and business education through teaching development project, Proceedings from the International conference "Giftedness and morality", Vrsac, Serbia, 01 July, 2011;
- Значението од познания и валидавия по изкуственото знаене, Ум и Душа, 4/2011;

- Стратегически метод в управлението на образователните институции и институциите од дяржавната администрация, Ум и Душа, 2/2011;
- Значењето на претприемачкиот пристап кон процесот на валидација на резултатите од доживотното учење, Зборник од Симпозиумот „Доживотното учење – состојби и перспективи", Дом и сојуз на просветни работници на РМ, Скопје, 31 октомври, 2011;
- Етиката и воспитната работа во училиштето, Зборник на трудови од симпозиумот „Реафирмација на воспитната функција на училиштето", Скопје, 2009, стр. 174-178;
- Менаџмент, труд презентиран на научниот собир „Економски менаџмент", Здружение на сметководители, финансисти и ревизори – Прилеп, 13 март, 2008;
- Современото едуцирање ан вработените како модел за успешно менаџирање, Просветно дело, бр. 4, 2008;
- Менаџерските планирања, Просветно дело, бр. 5, 2008;
- Пристап во третманот на човечките ресурси во државните институции, Списание на трудови на ДНУ – Прилеп, бр. 24, 2008;
- Евалвацијата на трансферот на знаењето и подобрувањето на работата на училиштата, Прилози, бр. 7-8, 2007;
- Улогата на интересентите во подобрување на работата на училиштето, Просветен работник бр. 950, 2007;
- Зголемување на квалитетот на образовните институции, Просветен работник бр. 949, 2007;
- Трансферот на знаењето од обуките во наставата, Воспитни крстопати, бр. 118, 2007;
- Стилот на водачот при воспоставување систем на интерни обуки и организациско учење, Воспитни кртопати, бр. 116, 2007;
- Значењето на евалвацијата на трансферот на обуките за подигнување на наењето, Воспитни кртопати, бр. 115, 2007;
- Комуникацијата и нејзиното значење, Воспитни кртопати, бр. 114, 2007;
- Менторството како неопходен процес на образованието, Воспитни кртопати, бр. 111-112, 2007;
- Моделот на интегрална евалвација на образовните институции – основа за инспекторирање, Воспитни кртопати, бр. 107, 2006.

***Учество во проекти, работни групи и обуки:***

- Обука за стратегии и техники на подучување и учење, Проект за модернизација на образованието, Скопје, јули, 2011;
- Training of Trainers, Strengthening School Boards Program, USAID project, June, 2010;
- Член на работна група за изработка на Елаборат за воведување HACCP системи за безбедност на храна во „Жито Прилеп", Трговска компанија ДООЕЛ „Сензал" и ЗД ДОО „Милина Ајс" – Прилеп, проект на Македонското научно друштво – Битола, 2001;
- Обука за обучувач, Програма за раководење со училиште и Програма за зајакнување на училишните одбори во РМ, USAID, 2008;
- Обука за односи со јавноста, Центар за поддршка на НВО, Струмица, октомври, 2005.

### ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Кандидатката д-р Мимоза Серафимова ги исполнува сите суштински и законски критериуми, како и критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, за да биде избрана за наставник на Факултетот за туризам и бизнис логистика на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Кандидатката има соодветно образование и искуство со кое се афирмирала во земјава и во странство.

Рецензентската комисија има посебно задоволство и чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика да ја избере **д-р Мимоза Серафимова за насловен доцент по наставно-научната област претприемништво на Факултетот за туризам и бизнис логистика** на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Билјана Петревска претседател, с.р.**
**Д-р Трајко Мицески член, с.р.**
**Д-р Нако Ташков , член, с.р.**

### П Р И Л О Г

**Табела за вреднување на активностите на д-р Мимоза Серафимова, доктор по менаџмент, според критериумите за избор во знање на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип**

| Ред. број | Вид активност | Поени | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | | во земјата | во странство | |
| **Наставно-образовна дејност** | | | | |
| 1. | Рецензент на учебник, скрипта и сл. | 5*1 | | 5 |
| | **Вкупно:** | **5** | | |
| Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности | | | | |
| 1. | Труд со оригинални научни резултати,<br>објавени во зборник од трудови на научен собир<br>- The importance of access to validation process of results of lifelong learning, Proceedings from the International Scientific Symposium “Education between tradition modernity”, Ohrid, Macedonia, 22-24 September, 2011<br>- International conference “Giftedness and morality”, Vrsac, Serbia, 01 July, 2011;<br>- Симпозум „Реафирмација на воспитната функција на училиштето”, Дом на просветни работници, Скопје, 17 април, 2009;<br>- Научен собир „Економски менаџмент”, Здружение на сметководители, финансисти и ревизори – Прилеп, 13 март, 2008<br>- Етиката и воспитната работа во училиштето, Зборник на трудови од симпозиумот „Реафирмација на воспитната функција на училиштето”, Скопје, 2009, стр. 174-178;<br>- Менаџмент, труд презентиран на научниот собир „Економски менаџмент”, Здружение на сметководители, финансисти и ревизори – Прилеп, 13 март, 2008 | 5*1 | 1*2 | 7 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2. | Секциско предавање на научен собир<br>- International Scientific Symposium “Education between tradition modernity”, Ohrid, Macedonia, 22-24 September, 2011 | 1*2 | | 2 |
| 3. | Учество на научна конференција со реферат<br>- International Scientific Symposium “Education between tradition modernity”, Ohrid, Macedonia, 22-24 September, 2011;<br>- International conference “Giftedness and morality”, Vrsac, Serbia, 01 July, 2011;<br>- Симпозум „Реафирмација на воспитната функција на училиштето”, Дом на просветни работници, Скопје, 17 април, 2009;<br>- Научен собир „Економски менаџмент”, Здружение на сметководители, финансисти и ревизори – Прилеп, 13 март, 2008<br>- Етиката и воспитната работа во училиштето, Зборник на трудови од симпозиумот „Реафирмација на воспитната функција на училиштето”, Скопје, 2009, стр. 174-178;<br>- Менаџмент, труд презентиран на научниот собир „Економски менаџмент”, Здружение на сметководители, финансисти и ревизори – Прилеп, 13 март 2008 | 5*1,5 | 1*2 | 9,5 |
| 4. | Одбранета докторска теза | 8 | | 8 |
| 5. | Одбранета магистерска работа | 4 | | 4 |
| 6. | Учесник во научен проект<br>- Обука за стратегии и техники на подучување и учење, Проект за модернизација на образованието, Скопје, јули, 2011;<br>- Training of Trainers, Strengthening School Boards Program, USAID project, June, 2010;<br>- Член на работна група за изработка на Елаборат за воведување HACCP системи за безбедност на храна во „Жито Прилеп”, Трговска компанија ДООЕЛ “Сензал” и ЗД ДОО “„Милина Ајс” – Прилеп, проект на Македонското научно друштво – Битола, 2001;<br>- Обука за обучувач, Програма за раководење со училиште и Програма за зајакнување на училишните одбори во РМ, USAID, 2008;<br>- Обука за односи со јавноста, Центар за поддршка на НВО, Струмица, октомври, 2005. | 5*2 | | 10 |
| | Вкупно: | **40,5** | | |

| Ред. број | Вид активност | Поени | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | | во земјата | во странство | |
| Стручно-апликативна дејност и организационо развојна дејност | | | | |
| | Труд во научно списание<br>- Значението од познания и валидавия по изкуственото знаене, Ум и Душа, 4/2011;<br>- Стратегически метод в управлението на образователните институции и институциите од държавната администрация, Ум и Душа, 2/2011;<br>- Менаџмент, труд презентиран на научниот собир “Економски менаџмент”, Здружение на сметководители, финансисти и ревизори – Прилеп, 13 март, 2008; | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1. | - Современото едуцирање ан вработените како модел за успешно менаџирање, Просветно дело, бр. 4, 2008;<br>- Менаџерските планирања, Просветно дело, бр. 5, 2008;<br>- Пристап во третманот на човечките ресурси во државните институции, Списание на трудови на ДНУ – Прилеп, бр. 24, 2008;<br>- Евалвацијата на трансферот на знаењето и подобрувањето на работата на училиштата, Прилози, бр. 7-8, 2007;<br>- Улогата на интересентите во подобрување на работата на училиштето, Просветен работник бр. 950, 2007;<br>- Зголемување на квалитетот на образовните институции, Просветен работник бр. 949, 2007;<br>- Трансферот на знаењето од обуките во наставата, Воспитни крстопати, бр. 118, 2007;<br>- Стилот на водачот при воспоставување систем на интерни обуки и организациско учење, Воспитни кртопати, бр. 116, 2007;<br>- Значењето на евалвацијата на трансферот на обуките за подигнување на наењето, Воспитни кртопати, бр. 115, 2007;<br>- Комуникацијата и нејзиното значење, Воспитни кртопати, бр. 114, 2007;<br>- Менторството како неопходен процес на образованието, Воспитни кртопати, бр. 111-112, 2007;<br>- Моделот на интегрална евалвација на образовните институции – основа за инспекторирање, Воспитни кртопати, бр. 107, 2006. | 13*2 | 2*3 | 32 |
| 2. | Учество на професионални тренинзи<br>- Обука за стратегии и техники на подучување и учење, Проект за модернизација на образованието, Скопје, јули, 2011;<br>- Training of Trainers, Strengthening School Boards Program, USAID project, June, 2010;<br>- Обука за Односи со јавноста, Центар за поддршка на НВО, Струмица, октомври, 2005 | 3*2 | | 6 |
| 3. | Дополнителни професионални обуки и стекнати знаења<br>- Обука за обучувач, Програма за раководење со училиште и Програма за зајакнување на училишните одбори во РМ, USAID, 2008 | 1*2 | | 2 |
| 4. | Изработени стручни трудови и проекти<br>- Член на работна група за изработка на Елаборат за воведување HACCP системи за безбедност на храна во „Жито Прилеп”, Трговска компанија ДООЕЛ “Сензал” и ЗД ДОО „Милина Ајс” – Прилеп, проект на Македонското научно друштво – Битола, 2001 | 1*3 | | 3 |
| | Вкупно**:** | **43** | | |

| | | |
|---|---|---|
| | Вкупно**:** | **88,5** |